Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-414/11
датум 28-11-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.
**Комисијата за надзор на ден 19.09.2025 година во 10:20 часот,** согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Виш управен суд Скопје** за контролниот период од **2023 до 2025 година,** односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2022 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Лидија Георгиевска, судскиот администратор Снежана Кипровска и информатичарот во судот Љупка Илиеска.

Вишиот управен суд е доказ дека државата не инвестирала во судот, од самото негово формирање. Судот од 2011 се уште е сместен во привремено најдени простории во мезанин на станбена зграда, далеку од сите други судови, каде се влегува во спореден влез на станбена зграда во населбата Карпош 4 во Скопје. Просториите се несоодветни за одржување на седница или расправа во судот, ниту пак за сместување на судиите и вработените во судот. Поради немање на судница, судењата се одвиваат во канцеларијата на претседателот на судот.

Судот во последните години е неефикасен и функционира крајно отежнато, со голем заостаток на предмети, со пополнетост од само 6 судии од вкупно 13-те предвидени судиски места, од кои 1 е претседател на суд. Судската служба функционира со само 15 вработени од предвидените 64 места, односно со 23%. Во судот има само еден судски полицаец, а кога тој користи одмор, судот нема


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

обезбедување. тогаш се определува еден од вработените во судот да биде постојано на влезот од судот. Ова преставува сериозен ризик за безбедноста на судот.

Управното судство и во прв и во втор степен, во донесените одлуки низ годините успеа да го докаже своето квалитетно постапување, покрај големиот квантум на судски предмети по кои било постапено.

**Препорака**
Владата на Република Северна Македонија во координација со Министерството за правда, Министерството за финансии и Судскиот буџетски совет, со претходна согласност на Вишиот управен суд, во најитен рок да пронајдат просторно соодветно решение за сместување на судиите и вработените во Вишиот управен суд, кој е највисок суд во делот на управното судство во државата и одлучува за најзначајни прашања кои се однесуваат на работата на управата и заштита на граѓаните во постапките пред управата.

Во судот, претседателката на судот Исмета Амет ја извршувала функцијата до 08.11.2023 година, кога истекол нејзиниот мандат, а со одлука на Судскиот совет за вд претседател на суд биле определени: судија Анита Данилова во ноември 2023 година и судија Виолета Илиевска од 06.08.2024-28.11.2024 година. Со Одлука на Судски совет од 07.11.2024 година, судијата Лидија Георгиевска е избрана за претседател на судот.
Во тек е процесот на поврзување помеѓу Вишиот управен суд со Управниот суд и органите на управата, што е позитивен пристап за надминување на претходно утврдените состојби и ризици за одолговлекување на постапките по предметите.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Су 0102-317/22 од 29.12.2022 година, Су 0102-290/2023 од 28.12.2023 година со измена Су 0102-290/2023-1 од 27.08.2024 , Су 0102-352/2024 од 17.12.2024 година

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Во текот на 2023 година, согласно Распоредот за работа на Виш управен суд СУ.бр.0102-318/2022 од 29.12.2022 година, во судот имало три специјализирани

совети, во кои суделе 8 судии, и еден судија за судска пракса. Претседателот на судот не судел предмети и постапувал по СУ уписник.
Во текот на 2024 година, согласно Распоредот за работа на Виш управен суд СУ.бр.0102-291/2023 од 28.12.2023 година, во судот имало три специјализирани совети, во кои суделе 6 судии. ВД Претседателот на судот судел предмети и постапувал по СУ уписник.
Согласно Распоредот за работа на Виш управен суд СУ.бр.0102-202/2024 од 27.08.2024 година, во судот имало два специјализирани совети, во кои суделе 5 судии. ВД Претседателот на судот судел предмети и постапувал по СУ уписник.
Во текот на 2025 година, согласно Распоредот за работа на Виш управен суд СУ.бр.0102-353/2024 од 17.12.2024 година, заклучно со денот на надзорот, во судот има два специјализирани совети, во кои судат 5 судии. Претседателот на судот не суди предмети и постапува по СУ уписник.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Судот редовно го почитува законскиот рок за донесување на Годишниот распоред.
Су.бр.0102-318/2022 до 29.12.2022 година, дополнување на распоредот заради определување на заменик на претседател на суд Су.бр0102-318/2022 -1 од 09.06.2023, измена заради исполнување на услови на судија за старосна пензија Су.бр0102-318/2022 -2 од 01.09.2023 и измена Су.бр0102-318/2022 -3 од 20.11.2023 заради нов определен в.д претседател на суд.
Су.бр.0102-291/2023 од 28.12.2023, измени Су.бр.0102-202/2024 од 27.08.2024 заарди нов вд претседател на суд, измени Су.бр.0102-202/2024-1 од 04.12.2024 кога бил избран претседател на суд.
Су.бр.0102-353/2024 од 17.12.2024 со 2 измени заради определување на лице во канцеларија за односи со јавност Су.бр.0102-353/2024-1 од 10.01.2025, и од 25.08.2025 година.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Во судот редовно се носат планови за годишни одмори на судиите.
Су-04 бр.0402/23 од 13.07.2023 година, Су број 0302-152/2024 од 09.07.2024 , Су-04 бр.0402-57/25 од 18.07.2025

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Нема формирано служба за информатика како посебна организациона единица. Во судот има вработено еден информатичар со звање Раководител на одделение Љупка Илиевска со работно искуство од 11 години во судот.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Претседателите на советите судија Виолета Илиевска и Светлана Костова се определени за следење на судска практика во судот.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Лице одговорно за односи со јавноста е судскиот службеник Снежана Кипровска.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судски администратор во судот е судскиот службеник Снежана Кипровска, која редовно донесува Распоред за судска служба согласно Распоредот за судии:
Су-07 број 0102-15/2022 од 29.12.2022 година со 3 измени, Су-07 бр.0102-1/2024 од 02.01.2024 година со 3 измени, Су-07 број 0102-16/2024 од 31.12.2024 година со 3 измени. Измените на распоредот содржат причини и образложение зошто биле направени измените во распоредот на судската služба.

Судот се соочува со голем недостиг на кадар, пополнети се само 15 места од 64 места предвидени со постојната систематизација. По извршениот разговор со судскиот администратор беше укажано дека во новата предлог систематизација се предвидени 50 места.

| Препорака |
| --- |
| И за овој суд важат претходно дадени препораки во 2024 година дека суд не може да функционира без најмалку 75 % пополнетост на работните места на судии и судска служба, согласно што е потребно Судскиот совет и Судскиот буџетски совет да преземат мерки за надминување на постојната состојба. |

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година.**

Во судот претседателот врши редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот.За таа цел Комисијата изврши увид во следните службени белешки:

Су бр. 0302-149/2025 од 25.04.2025 година,
Су бр. 0302-231/2025 од 10.07.2025 година,
Су-01 бр. 0102-24/2025 од 09.04.2025 година,

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Комисијата беше известена дека редовно се одржуваат седници на судии што беше констатирано од увид во записниците:
СУ 0302-108/2023 од 15.05.2023 година,
СУ. Бр.0202-102/2025-1 од 07.03.2025 година

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

СУ. Бр. 0302-62/2024-1 од 08.03.2024,
СУ. Бр. 0302-83/2024-1 од 08.04.2024,

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су бр.0302-309-1/2022 до 29.12.2022 година,
Су бр. 0302-3/2023 од 11.01.2023 година,
Су бр. 0302-100-1/2023 од 04.05.2023 година

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Су-03 бр. 0102-44/2025 од 26.02.2025 година

**14. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Годишен извештај СУ 01 бр.0302 -8/2023 од 16.01.2023 за 2022
Су -01 бр. 0102-11/2024 од 08.02.2024 година
Су 01.бр. 0102 – 12 /2025 од 07.02.2025 година

**15. Извештај од повисокиот суд за работата на Виш управен суд за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година**

Вишиот управен суд доставува редовно извештаи за извршена контрола во управниот суд како највисок суд во делот на управното судство.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**16. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Информатичарот врши обуки при вработување или по потреба, преку Академијата за судии и јавни обвинители, а информатичарот од судот по нејзино барање присуствувала на обуки за мрежи кои се одржале минатата 2024 година.

**17. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На Комисијата и беше доставен список со ИТ опрема со која располага судот. Опремата ги задоволува потребите за непречено функционирање на судот. Работните станици претежно се со windows 10 оперативен систем и за секој вработен во судот има работна станица. Во судот има многу стара опрема која е потребно да се расходува.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

18. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Во склоп на годишниот распоред се дефинирани списоците со корисничките групи. Извршен беше увид во списоците за контролниот период и констатирано беше дека во судот постојат и се внесуваат сите списоци во АКМИС системот.

| |
|---|
| **Забелешка:** Списоците да се дополнат со вид на уписник до кој има соодветни привилегии секој корисник. |

19. **Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии во работата со АКМИС системот и истите се евидентирани во самиот систем.

20. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Заради природата на работа на овој суд нема дежурства во судот.

21. **Скенирање на влезни документи**

Не се врши скенирање на влезни документи поради недостаток на човечки ресурси, а се скенираат само документи од судската управа.

22. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

23. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Администратор на АКМИС е информатичарот со одлука на претседател на суд. Во годишниот распоред за работата на судот се одредува кој е администратор на АКМИС.

СУ.бр.63/14 од 20.02.2014 година.
Автоматската распределба ја врши водителот на писарница, во нејзино отсуство ја врши уписничарот. Итните предмети се распределуваат автоматски од причина што имаат електронски уписници за секој совет за времени мерки. Копче судија се користи само во исклучителни случаеви.

**24. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

Има одлуки за исклучување на судија од распределба на предмети, за периодот од 2022 до 2025 и истите се уредно внесени во АКМИС системот. За целиот контролен период во судот се донесени 4 одлуки за исклучување на судија од распределба на предмети.
СУ.бр.0302-160/2022 од 05.07.2022 година
СУ.бр.0302-137/2023 од 14.06.2023 година
СУ.бр.0302-151/2024 од 09.07.2024 година
СУ.бр.0302-193/2024 од 20.08.2024 година

**25. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година.**

Одлуките за изземање на судии се уредно внесени во АКМИС системот
Увид во хартиена форма и во АКМИС на следните решенија:
СУ-ИЗЗ.бр.0306-21/2023 од 06.11.2023 година.
СУ-ИЗЗ.бр.0306-9/2024 од 19.02.2024 година.
СУ-ИЗЗ.бр.0306-2/2025 од 23.01.2025 година.

Одлуките за прераспределба се уредно внесени во АКМИС. Увид во хартиена форма и во АКМИС системот на случајно одбрани одлуки
СУ.бр.0302-115/2023 од 15.05.2023 година.
СУ.бр.0302-322/2024 од 14.12.2024 година.

**26. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година**

Во судот нема рачна распределба на предмети.

27. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за контролираниот период од последниот надзор во 2022 година до денот на надзорот:

- УЖ-1-228/25 од 26.05.2025 година - Примен и заведен на ден 26.05.2025, автоматски распределен истиот ден во 13:51 часот и примен од страна на судија на ден 27.05.2025 година.
- УЖ-2-111/23 од 11.04.2023 година- Примен и заведен на ден 11.04.2023, автоматски распределен истиот ден во 13:34 часот и примен од страна на судија на ден 13.04.2023 година.
- УЖ-3-766/23 од 16.08.2023 година - Примен на ден 16.08.2023 и заведен на ден 17.08.2023, автоматски распределен истиот ден 17.08.2023 во 09:42 часот и примен од страна на судија на ден 01.09.2023 година поради користење на годишен одмор (Увид во решение за годишен одмор).
- УЖВМ-1-24/22 - Примен на ден 15.09.2022 и заведен на ден 16.09.2022, автоматски распределен истиот ден 16.09.2022 во 12:09 часот и примен од страна на судија на ден 19.09.2022 година
- УПРЖ - 123/25 - Примен на ден 09.06.2025 година и заведен на ден 10.06.2025, автоматски распределен истиот ден 10.06.2025 во 13:50 часот и примен од страна на судија на ден 11.06.2025 година
- УИЖ - 1-1/23 - Примен на ден 01.03.2023 година и заведен на ден 03.03.2023, рачно распределен истиот ден 03.03.2023 во 08:52 часот и примен од страна на судија на ден 07.03.2023 година

  **Објаснување:** Согласно СД член 175 став 3 „предметите кои повторно се заведуваат (укинати, повторување на постапка и други) се доделуваат на истиот судија кој работел на предметот, освен ако судијата повеќе не работи на тој вид предмети и предметот автоматски се распределува". Од причини што предметот УИЖ-1.бр.1/23 е поврзан со предметот УИЖ-1.бр.4/21 кој бил укинат, при самото заведување се избира да се додели на истиот судија со поврзаниот (укинатиот) предмет.
- УРПЖ -291/23 - Примен на ден 25.10.2023 година и заведен на ден 25.10.2023, автоматски распределен истиот ден 25.10.2023 во 13:42 часот и примен од страна на судија на ден 26.10.2023 година

**28. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Автоматската распределба се врши после 13 часот, во период од 13 до 14 часот.
Нема предмети кои чекаат на автоматска распределба на денот на надзорот.

**29. Уписници што се водат во хартиена форма**

СУ уписник го водат во хартиена и електронска форма.

**30. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Од причина немање на сооодветни просторни услови - судница, судот не бил вклучен во проектот за опремување на судовите со опрема за тонско снимање. Поради немање на судница, судењата се одвиваат во канцеларијата на претседателот на судот.

**31. Електронска достава.**

Се прави достава ако има барања од страна на адвокати или заинтересирани странки. Самата природа на работа на судот не дава можност за достава.Бројот на извршени достави е многу мал.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**32. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Редовно се донесени одлуки за формирање на работно тело за контролираниот период и увид во истите.
Су бр. 0302 – 6/2023 од 10.01.2023 година, Су бр.0302 -5/2024 од 05.01.2024 година, Су бр. 0302-226/2024 од 12.09.2024 година и Су бр.0302-339/2024 од 10.12.2024 година и Су бр.0302-12/2025 од 10.01.2025 година

33. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Редовно се донесени Годишни планови за управување со движење на предметите за контролираниот период и увид во истите.
Су бр.0204-319/2022 од 30.12.2022 година,
Су бр. 0204-292/2023 од 29.12.2023 година,
Су бр.0204-378/2024 од 31.12.2024 година

34. **Внатрешни процедури**

Су бр.0102-320/2022 од 30.12.2022 година,
Су бр 0102-293/2023 од 29.12.2023 година,
Су 01-379/2024 од 31.12.2024 година

35. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су -01 бр.0102-56/2025 од 09.09.2025 година,
Су бр.0102-40/2024 од 12.02.2024 година,
Су бр. 0102-7/2024 од 09.01.2024 година,
Су бр. 0102-33/2023 од 15.05.2023 година

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

36. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Вишиот управен суд редовно објавува информации во врска со своето работење на веб страната на судот. Судот ја информира јавноста за резултати од работењето на судот и судиите преку соопштенија на веб страната, одлуки и статистики од јавен интерес, редовно објавување на месечни, квартални и годишни извештаи на веб страната.

Извештаите за работата на Вишиот управен суд редовно се објавуваат на веб страната на судот.

### 37. Огласна табла на судот

Огласна табла на судот има видно поставена на влез од судот.

### 38. Простории за судии поротници

Простории за судии поротници нема по закон.

### 39. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2022, 2023, 2024 и 2025 година

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.
Преглед на објавени одлуки по години: 2022 година – 2881 објавени одлуки, 2023 година – 2311 објавени одлуки, 2024 година – 1979 објавени одлуки, 2025 година– 1228 објавени одлуки заклучно со денот на надзорот.

### 40. Архива

Нема посебна просторија за архива. Архивираниот материјал е уредно сместен во соодветни метални шкафови распоредени низ ходникот на судот и просториите во судот.
Увидот заврши на ден 19.09.2025 во 13:00 часот.